лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## ОМ-МА (CA 125)

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на серумското ниво на CA 125, биомаркер за откривање на рак на јајници. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Околу 90 % од жените со напреднат рак на јајници имаат покачено ниво на CA - 125 во крвниот серум, правејќи го CA- 125 корисен за откривање на рак на јајниците по почетокот на симптомите. Мониторингот на нивото на CA - 125 во крвниот серум е, исто така, корисен за проценка на одговорот на третманот и за прогнозирање на состојбата на пациентот по третманот. Тумори кои често одат со покачени вредности на CA 125 се: рак на јајници, други гинеколошки тумори, рак на панкреасот и жолчните канали. Останати заболувања кои можат да дадат покачени вредности на CA 125 се: цироза на црн дроб, акутен панкреатитис (воспаление на панкреасот), акутен холециститис (воспаление на жолчното ќесе) и други бенигни гинеколошки заболувања или воспаленија. |